IPA Cross-Border Programme

CCI Number 2007CB16IPO007

# Проект: Сите деца учат заедно - Прекугранична мрежа на инклузивни училишта - ЗАЕДНО

# Истражување за системска заштита на лицата со попреченост во Североисточниот регион

Центар за развој на третиот Североисточен плански регион

октомври 2014

Автори:
Александра Спасовска
Марија Велиновска

Проектот е кофинансиран од страна на Европската Унија

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на здружението „Отворете ги прозорците“ и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.

# Содржина

ВОВЕД ........ 3
Методологија на истражувањето ........ 4
Општина Кратово ........ 6
Општина Крива Паланка ........ 8
Општина Куманово ........ 11
Општина Липково ........ 15
Општина Старо Нагоричане ........ 17
Општина Ранковце ........ 19
Прилог 1 ........ 22
Прилог 2 ........ 23

# ВОВЕД

„ Сите деца учат заедно - Прекугранична мрежа на инклузивни училишта – ЗАЕДНО“ е меѓуграничен проект на Центарот за развој на Североисточниот плански регион и Општина Дупница од Република Бугарија.

Истражувањето за системска заштита на лица со попреченост, кое е дел од овој проект е спроведувано од страна на здружението „Отворете ги прозорците“.

Наодите и сознанијата од истражувањето ќе придонесат за намалување на недостатокот од информации за јавни установи и институции кои нудат специфични услуги за деца и лица со попреченост во Североисточниот регион.

Ова истражување е наменето за децата и лицата со попреченост, нивните семејства, како и за потребите на регионот и стручниот кадар кој работи на полето на попреченост.

# Методологија на истражувањето

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето е идентификување на институции/установи кои нудат услуги за лицата со попреченост, на ниво на шест општини во Североисточниот регион на Македонија:

- Кратово;
- Куманово;
- Крива Паланка;
- Липково;
- Старо Нагоричане
- Ранковце

Предмет на истражување беа три сектора:

- Образование
- Здравство
- Социјален сектор

Во ова истражување беа опфатени и граѓанските организации.

## 2. Цели и карактер на истражувањето

Целите на истражувањето се:

1. Утврдување на моменталната состојба во поглед на институции од јавен карактер кои нудат специфични услуги за деца и лица со попреченост и

2. Опис на услугите кои ги нудат.

## 3. Задачи на истражувањето

Истражувањето се очекува да одговори на следните задачи:

1. Да се идентификуваат сите основни и средни училишта во Североисточниот регион, со акцент на оние кои вклучуваат деца со посебни образовни потреби помеѓу своите ученици.
2. Да се идентификуваат дневните центри за деца и возрасни со попреченост и да се опишат услугите кои ги нудат.
3. Да се идентификуваат предучилишните установи кои вклучуваат деца со развојни проблеми.
4. Да се идентификуваат центри за рехабилитација и физикална терапија
5. Да се идентификуваат јавни здравствени установи во чии рамки функционира стручен орган кој дава наод и мислење за видот и степенот на попреченоста.
6. Да се идентификуваат центри за социјална работа и да се наведат услугите кои ги нудат за лицата со попреченост.
7. Да се идентификуваат алтернативни сервиси на услуги.
8. Да се идентификуваат граѓански организации кои работат на поле на попреченост во регионот, и да се опишат услугите кои ги нудат.

## 4. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Истражувањето беше направено со примена на методите на квантитативно истражување од дескриптивен карактер.

За потребите на истражувањето беа применети техниките на телефонско интервју, онлајн истражување и анкета.

- За потребите на анкетата беа користени два посебно изготвени анкетни прашалници, со комбинација од затворени, полу-отворени и отворени прашања. Едниот прашалник беше наменет за образовниот сектор, а другиот за здравствено-социјалниот сектор и граѓанските организации. (Прилог 1 и Прилог 2)

## 5. Организација и временска рамка на истражувањето

Истражувањето беше спроведено во тек на месец јануари / февруари 2015 година, од страна на Александра Спасовска и Марија Велиновска, дефектолози во „Отворете ги прозорците“.

## Општина Кратово

Општина Кратово се наоѓа во Североисточниот плански регион и според последниот попис на населението во општината живеат 10.441 жител. Седиште на општината е градот Кратово, а во состав на општината влегуваат и 30 села. Кратово ги има следниве културни установи: Музеј на град Кратово, Домот на културата и Градска библиотека.



Општина Кратово

### 1. Образование

#### Предучилишни установи

Во Општина Кратово функционира предучилишната установа ЈОУГД „Царка Андреевска“. Информации за контакт:

- Адреса: ул. Гоце Делчев бр.1
- Телефон: 031/481-705
- Имеил: carka_andreevska@mt.net.mk

#### Основни училишта

Во Општина Кратово функционира основното училиште ООУ „Кочо Рацин“. Информации за контакт:

- Адреса: ул. Михајло Апостолски бр.11;
- Телефон: 031/481-118
- Имеил: skolokratovo@gmail.com



ООУ „Кочо Рацин“

#### Средни училишта



ДСУ „Митко Пенџуклиски“

Во Општина Кратово има едно средно училиште СОУ „Митко Пенџуклиски“. Во склоп на ова училиште функционира и ученички дом. Информации за контакт:

- Адреса: ул. Михајло Апостолски бр.10
- Телефон: 031/481-483
- Имеил: dsumitko@yahoo.com

## 2. Социјален сектор

Од областа на социјалната заштита на територија на Општина Кратово функционира Центар за социјална работа и Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост.

### Јавна установа Центар за социјална работа-Кратово

Центарот за социјална работа, работи со права и услуги. Правата се во давање парична помош. Центарот нуди индивидуални или групни услуги, во зависност од потребата на корисникот. Се нудат услуги на семејства кои имаат проблеми во бракот и семејството, на стари и изнемоштени лица, деца со ризик, деца со воспитно социјални проблеми, деца со пречки во развојот.
Информации за контакт:

- Адреса: ул. Гоце Делчев бр.бб
- Телефон: 031/481-228
- Имеил: jucsrKratovo@mtsp.gov.mk

### Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост

Во Дневниот центар престојуваат лица со интелектуална или телесна попреченост. Со нив се работи индивидуално и групно, се води грижа за истите се со цел олеснување на процесот на социјализација и интеграција, а се спроведуваат и активности за совладување на одредени вештини и знаења.
Информации за контакт:

- Адреса: ул. Никола Тесла бр.ББ
- Телефон: 075/361-168

## 3. Здравство

Во Општина Кратово нема здравствени установи кои нудат специфични услуги за деца и лица со попреченост.

## 4. Граѓански сектор

Во Општина Кратово функционира граѓанската организација „Здружение на родители на деца со церебрална парализа“ која нуди услуги за лица со телесна попреченост. Дел од активностите и услугите кои ги нудат се: Организирање на настани за подигање на јавната свест на граѓаните за прифаќање на лицата со церебрална парализа, организирање на хуманитарни акции за помош на семејства на лица со попреченост и сл.
Информации за контакт:

- Адреса: ул. Гоце Делчев бр. 92
- Телефон: 070/739 – 006
- Имеил: kocevska.slavica@yahoo.com
- Facebook: https://www.facebook.com/groups/260361564042717/

# Општина Крива Паланка



Крива Паланка е општина која се наоѓа во Североисточниот плански регион и според последниот попис на население во општина Крива Паланка живеат 20.820 жители. Општина Крива Паланка за тековната 2015 година, изготви програма за работа од областа на социјалната заштита според која се предвидува обезбедување материјални услуги, услуги од вонинституционални облици на социјална заштита и спроведување на кампањи за подигнување на свеста кај населението за потребите од обезбедување на социјална заштита на лицата со попреченост. Исто така општината организира настани посветени на лицата со попреченост, како што се: одбележување на 3-ти декември – Меѓународен ден на лицата со попреченост и новогодишни настани. http://www.programa_socijalna_zastita_2015

## 1. Образование

### Предучилишни установи



Во Општина Крива Паланка функционира предучилишната установа ЈОУГД „Детелинка“, која располага со три објекти. ЈУДГ „Детелинка“ прима и во моментот има прифатено деца со развојни проблеми и тоа од различна природа, најмногу има деца со говорни неправилности (вродени и стекнати), наглуви и слабовидни, со физички недостатоци, со физиолошко пореметување (4-5 годишни деца со памперс), деца со страбизам, деца со проблеми во однесувањето (хиперактивни) и други развојни проблеми до ниво на лесни отстапувања, или пак за одделни проблеми со умерени отстапувања.

Од стручни работници и соработници во установата има само психолог (моментално директор), а активностите со овие дечиња се организираат од страна на воспитно-згрижувачкиот кадар, со консултации и разменување на мислења со директорот - психолог.

Информации за контакт:

- Адреса: ул. Св.Јоаким Осоговски бр. 51,
- Телефон/Факс: 031/ 375-527
- Имеил: ojudg_detelinka@yahoo.com

### Основни училишта

Во општина Крива Паланка функционираат две основни училишта, ООУ „Јоаким Крчовски“ и ООУ „Илинден“.



Според истражување направено во текот на месец септември, 2014 година, во ООУ „Илинден“ во учебната 2014/2015 година се вклучени 17 ученици со посебни образовни потреби. Ова училиште располага со асистивна технологија: тастатура со големи копчиња, тракбол, џојстик, издвоени кликови и монитор на допир која ја користат учениците со ПОП.[1]Наставниот кадар има посетено обуки за употреба на асистивната технологија во наставата.
Информации за контакт:

- Адреса: ул. Наско Тамбурков бр.80
- Телефон/Факс: 031/375 078
- Имеил: ouilinden@yahoo.com
- Веб страна: www.ouilinden.mk

## Средни училишта



Во општината функционира средното училиште СОУ „Ѓорче Петров“ во кое се опфатени гимназиска и стручна струка.
Информации за контакт:

- Адреса: ул. 8 Октомври бр.91
- Телефон: 031/ 375 025
- Факс: 031/ 377 120
- Имеил: sougorcepetrov@yahoo.com
- Веб страна: www.gjorchepetrov.edu.mk

Иако според законот за средно образование учениците со посебни образовни потреби имаат право своето образование да го продолжат во редовните средни училишта, податоците добиени од истражувањето посочуваат дека ова право не е доволно искористено.

## 2. Социјален сектор

Од областа на социјалната заштита на територија на Општина Крива Паланка функционира Меѓуопштински центар за социјална работа и Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост.

## ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа

[1] Асистивната технологија е обезбедена преку проектот за Е-пристапно образовнание, спроведуван од „Отворете ги прозорците“ со поддршка од УСАИД.

Меѓуопштинскиот центар за социјална работа има надлежности од областа на социјалната заштита. Работи со услуги и права за задоволување на потребите на ранливи групи, лица со попреченост, лица кои се изложени на социјални ризици, болест, старост и друго.
Информации за контакт:

- Адреса: ул. Никола Тесла бб
- Телефон: 031/372-245; 031/375-200
- Имеил: jumcsrKrivaPalanka@mtsp.gov.mk

**Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост**

Дневниот центар во Крива Паланка е наменет за деца и младинци од 5 до 18 годишна возраст со интелектуална и/или телесна попреченост и има капацитет да згрижи од 20 до 25 корисници. Услугите кои ги нудат се: индивидуална работа со корисникот, групна работа, олеснување на процесот на социјализација и интеграција. Дневниот центар располага со шест вработени лица: два социјални работници, медицинска сестра, готвач, хигиеничар и возач .
Информации за контакт:

- Адреса: ул. Св.Јоаким Осоговски бб
- Телефон: 031/374-920

## 3. Здравство

Во Општина Крива Паланка нема здравствени установи кои нудат специфични услуги за деца и лица со попреченост.

## 4. Граѓански сектор

Во Општина Крива Паланка функционира Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА. Услугите кои ги нудат се социјализација на лицата со интелектуална попреченост и нивните родители, застапување и информирање.
Информации за контакт:

- Адреса: ул. Никола Тесла бб
- Телефон:  071/267 – 263

# Општина Куманово



Општина Куманово според новата територијална поделба од август 2004 година, е најголема општина во Република Македонија со 103.205 жители.

Општината секоја година организира манифестации за одбележување на 3-ти декември - Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Дел од последните активности на општината во однос на лицата со попреченост е учество во проекти како што се: „Социјално претпријатие – Инклузија преку работа”[2] и „Саем на можности за вработување на лица со попреченост“.[3]

## 1. Образование

### Предучилишни установи

Во Општина Куманово функционира предучилишната установа ЈОУГД „Ангел Шајче“, која располага со шест објекти.
Информации за контакт:

- Адреса: ул. Моша Пијаде бб
- Телефон: 031/413-800; 031/415-810
- Имеил: angel.sajce@gmail.com

### Основни училишта

На територијата на Општина Куманово функционираат 18 основни општински училишта:

- ООУ „Карпош“;
- ООУ „Битолски Конгрес“;
- ООУ „Христијан Карпош“;
- ООУ „ Наим Фрашери“;
- ООУ „11 Октомври“;
- ООУ „Вук Караџиќ“;
- ООУ „Вера Которка“;
- ООУ „Бајрам Шабани“;
- ООУ „Панче Пешев“;
- ООУ „Кирил и Методиј“;
- ООУ „Браќа Рибар“;
- ООУ „Кочо Рацин“;
- ООУ „Професор Мијалковиќ“;
- ООУ „Јероним Де Рада“.

[2] Проект спроведуван од ЗРЦЛИП Порака-Наша, Општина Куманово, Здружение на граѓани МАТА од Скопје и приватна компанија “Јуниор “ДООЕЛ Куманово.
[3] Саем организиран во рамки на проектот на УСАИД за практична работа и вработување на лица со попреченост.

Според законските рамки, во секое училиште можат да се запишат ученици со посебни образовни потреби. Информациите кои ги добивме од истражувањето укажуваат на тоа дека дел од основните училишта во Општина Куманово имаат преземено одредени мерки и иницијативи за подобрување на инклузијата на учениците со посебни образовни потреби.

## ООУ „Браќа Миладиновци“

Во ООУ „Браќа Миладиновци“ постојат посебни паралелки наменети за ученици со посебни образовни потреби. Наставата со учениците во овие паралелки ја изведуваат дефектолози. Од 2010 година во ова училиште е отворена паралелка за дневен престој за ученици од прво одделение.




Информации за контакт:

- Адреса: ул. Народна Револуција бр.43
- Телефон: 031/424-281
- Имеил: brakamiladinovci_ku@yahoo.com
- Социјални мрежи: https://www.ooubrakamiladinovci

## ООУ „Толи Зордумис“

Во ООУ „Толи Зордумис“ во текот на месец ноември 2014 година, во соработка со општина Куманово и Програмата за развој на Обединетите нации започна шестмесечниот проект за воведување часови по физичко образование наменети за деца со посебни потреби, со цел инклузија преку спорт и рекреација. Ова училиште располага со асистивна технологија која ја користат учениците со посебни образовни потреби.



Информации за контакт:

- Адреса: ул. Боро Прцан бр.38
- Телефон: 031/412-311
- Имеил: tolikumanovo@gmail.com

## ООУ „Крсте Мисирков“

Основното училиште „Крсте Мисирков“ ги користи истите простории со училиштето „Браќа Миладиновци“. Училиштето располага со асистивна технологија која ја користат ученици со посебни образовни потреби. Наставниот кадар од училиштето има посетено низа обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби, како и за употреба на асистивна технологија.


ООУ „Крсте Мисирков“

Информации за контакт:

- Адреса: ул. Народна Револуција бр.43

- Телефон: 031/424-231
- Имеил: krstemisirkov@yahoo.com
- Веб страна: http://www.kmku.edu.mk/
- Социјални мрежи: https://www.krste.misirkov.kumanovo

## ООУ„Магдалена Антова“



Основното општинско училиште „Магдалена Антова“ исто така е вклучено во проектот за Е-пристапно образование. Според истражувањето во септември 2014 година, во ова училиште се вклучени 49 ученици со посебни образовни потреби.

Информации за контакт:

- Адреса: ул. 110 бр.5, с. Карпош
- Телефон: 031/444-543
- Имеил: magdalenaantova@yahoo.com
- Веб страна: http://magdalena-antova-kumanovo.wikispaces.com

## Средни училишта

Во Општина Куманово постојат пет средни училишта, од кои едното се наоѓа во село Долно Коњаре:

- СОУ „Сами Фрашери“, ул.III бб
- СОУ „Киро Бурназ“, с. Долно Коњаре
- СОУ „Гоце Делчев“ , ул. Перо Чичо бр. 31а
- СОУ „Наце Буѓони“, ул. Бајрам Шабани бб
- СОУ „Перо Наков“, ул. „Моша Пијаде“ бб

Иако според законот за средно образование учениците со посебни образовни потреби имаат право своето образование да го продолжат во редовните средни училишта, податоците добиени од истражувањето посочуваат дека ова право не е доволно искористено.

## 2. Социјален сектор

Во Општина Куманово постои Јавна установа Меѓуопштински Центар за социјална работа и Дневен центар за деца и младинци со попреченост до 18 годишна возраст.

## ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Куманово, работи со права и услуги. Овој центар ги покрива потребите од социјална заштита на населението од повеќе општини. Услугите кои ги нуди може да бидат индивидуални, групни и тоа зависи од услугата која треба да се понуди. Се нудат услуги на семејства кои имаат проблеми во бракот и семејството, на стари и изнемоштени лица, деца во ризик, деца со воспитно социјални проблеми, деца со пречки во развојот.

Информации за контакт:




ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа

- Адреса: ул. Тодор Велков бр.4
- Телефон: 031/438-160; 031/438-170
- Имеил: jumcsrKumanovo@mtsp.gov.mk ; jumcsrku@yahoo.com

**Дневен центар за деца и младинци со попреченост до 18 годишна возраст**

Дневниот центар згрижува деца и младинци со комбинирани потешкотии, умерена и тешка интелектуална попреченост.Услугите кои ги нудат се: индивидуална и групна работа, рехабилитација, социјализација и интеграција. Дневниот центар има капацитет да згрижи од 20 до 25 корисници. Во него се вработени 5 стручни профили: дефектолог, психолог, педагог, медицинкса сестра и професор по одделенска настава.
Информации за контакт:

- Адреса: бул. ЈНА бб
- Телефон: 031/432-520; 072/275-362
- Имеил: dnevencentarkumanovo@gmail.com

## 3. Здравство

Во Општина Куманово постои стручен орган за определување на степен на попреченост (за лица со интелектуална попреченост) при ЈЗУ Општа болница - Куманово. Структурата на стручниот орган е: невропсихијатар, педијатар, дефектолог за ментален хендикеп, психолог и социјален работник. Стручниот орган ги покрива општините во Североисточниот регион.
Информации за контакт:

- Адреса: ул. Борис Кидрич, бб
- Телефон: 031/245-460; 031/245-460
- e-mail: obkumanovo@zdravstvo.gov.mk




ЈЗУ Здравствен дом - Куманово

## 4. Граѓански сектор

Во Општина Куманово постојат неколку граѓански организации кои работат на полето на попреченост.

**Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА**

Цел на организацијата е социјализација на лицата со интелектуална попреченост и нивните родители, застапување и информирање.
Информации за контакт:

- Адреса: бул. ЈНА бб
- Телефон: 072/275–362

**Здружение „Регионален центар за лица со интелектуалена попреченост ПОРАКА НАША“**

Во склоп на организацијата функционира регионален дневен центар за возрасни лица со интелектуална попреченост кој обезбедува грижа и третман на лицата со интелектуална попреченост како и остварување и заштита на нивните права. Освен овие услуги здружението е насочено и кон реализација на проекти наменети за правата на лицата со интелектуална попреченост.




Здружение „Порака Наша“

Информации за контакт:

- Адреса: ул. Бајрам Шабани бб
- Телефон: 077/890-310; 070/279-664; 031/412 – 320
- Имеил: poraka.ku1999@yahoo.com ; poraka.nasa@yahoo.com
- Веб страна: http://www.porakanasa.org
- Социјални медиуми: https://www.facebook.com/porakanasa.kumanovo

## Здружение на слепи лица

Цел на организацијата е откривање, едукација и вклучување на лицата со оштетен вид во секојдневниот живот.

Информации за контакт:

- Адреса: ул. Борис Кидрич бр. 27
- Телефон: 072/209 - 112; 078/310 – 613
- Социјални медиуми: https://www.Здружение-на-слепи-лица-Куманово/
- Имеил: zsl.kumanovo@hotmail.com

## Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет - Куманово, Кратово и Крива Паланка - МОБИЛНОСТ

Цел на здружението е да ги открива, евидентира лицата со телесен инвалидитет, се грижи за целосна вклученост во општеството и во секојдневниот живот на лицата со телесен инвалидитет, дава помош на лицата со телесен инвалидитет и нивните семејства во остварување на законските права на социјална, економска, здравствена и друга заштита и сл.

Информации за контакт:

- Адреса: ул. Доне Божинов бр. 11
- Телефон: 031/417-875; 071/211 - 772
- Имеил: brajo@mt.net.mk

# Општина Липково



Општина Липково

Општина Липково се наоѓа во Североисточниот плански регион. Седиште на општината е селото Липково, а во состав на општината влегуваат уште 21 село. Според последниот попис на населението во оваа општина живеат 27.058 жители.

## 1. Образование

### Предучилишни установи

Во Општина Липково нема предучилишни установи, но според информации добиени од Министерството за труд и социјална политика една предучилишна установа е во фаза на отворање.

### Основни училишта

На територија на Општина Липково функционираат шест основни училишта:

- ООУ „Фаик Коница“ - с. Слупчане;
- ООУ „Антон Зако Чајупи“ – с. Хотла;
- ООУ „Култура“ – с .Матејче;
- ООУ „7 Марси“ - с. Опаје;
- ООУ „Рилинdја“ - с. Лојане;

### ООУ „Дитуриа“

Основното училиште „Дитуриа“ од село Липково е вклучена во проектот за Е – пристапно образование и располага со асистивна технологија. Во училиштето има психолог кој индивидуално работи со учениците со посебни образовни потреби.
Информации за контакт:

- Адреса: с.Липково
- Телефон: 031/462-012
- Имеил: dituria_lik@yahoo.com



ООУ „Дитуриа“



СОУ „Исмет Јашари“

### Средни училишта

Во Општина Липково постои едно средно училиште СОУ „Исмет Јашари“.
Информации за контакт:

- Адреса: с.Липково

- Телефон: 031/463-888
- Социјални мрежи: https://www.facebook.com/Ismet.Jashari/

## 2. Социјален сектор

Во Општина Липково функционира подрачно одделение на Центар за социјална работа, а според податоците добиени од МТСП дневниот центар во оваа општина е во фаза на отворање.

### Подрачно одделение на Центар за социјална работа

Подрачното одделение на Центарот за социјална работа нуди услуги од областа на социјалната заштита. Тие имаат надлежност да одговорат на потребите на населението во општината во однос на остварување на еднократна парична помош, советување. Подрачното одделение на Центарот за социјална работа е сместен во просториите на локалната самоуправа.

Информации за контакт:

- Адреса: с. Липково
- Телефон: 031/462-188; 031/463-180
- Имеил: komuna-likoves.2001@hotmail.com



Простории на локална самоуправа - Липково

## 3. Здравство

Во Општина Липково нема здравствени установи кои нудат специфични услуги за деца и лица со попреченост.

## 4. Граѓански сектор

Во Општина Липково не постои граѓанска организација која работи на полето на попреченост.

# Општина Старо Нагоричане



Локалитет „Кокино“

Општината Старо Нагоричане се наоѓа во Североисточниот плански регион во Република Македонија и во неа живеат 4840 жители. Оваа општина е позната по своите културно – историски споменици и природни реткости, како што е локалитетот Кокино.

## 1. Образование

### Предучилишни установи

На територијата на Општина Старо Нагоричане нема предучилишни установи.

### Основни училишта

На територијата на Општина Старо Нагоричане работат три централни основни училишта:

- ООУ „Светозар Марковиќ" - Старо Нагоричане;
- ООУ „Христијан Тодоровски Карпош" – Драгоманце;
- ООУ „Христијан Тодоровски Карпош" - Младо Нагоричане.

### ООУ "Светозар Марковиќ"

Училиштето изминатата година беше вклучено во прекуграничниот проект “Да се задржат младите во прекуграничниот регион - млади за млади“. Целта на проектот е создавање на одржлива средина за социјална инклузија на младите во прекуграничниот регион. Во склоп на училиштето со донација е изградено современо игралиште за мал фудбал, ракомет и кошарка, осветлено со рефлектори.



ООУ „Светозар Марковиќ“

Информации за контакт:

- Адреса: с. Старо Нагоричане
- Телефон: 031/495-323
- Имеил: svetozar_markovic_mk@yahoo.com

### Средни училишта

На територијата на Општина Старо Нагоричане нема изградено средни училишта.

## 2. Социјален сектор

Во Општина Старо Нагоричане нема установи од областа на социјалната заштита кои нудат специфични услуги за деца и лица со попреченост.

## 3. Здравство

Во Општина Старо Нагоричане нема здравствени установи кои нудат специфични услуги за деца и лица со попреченост.

## 4. Граѓански сектор

Во Општина Старо Нагоричане не постои граѓанска организација која работи на полето на попреченост.

# Општина Ранковце





Верски објект во Општина Ранковце

Ранковце е општина која се наоѓа во Североисточниот плански регион и според последниот попис на население во општина Ранковце живеат 4144 жители. На територијата на општина Ранковце постојат осум верски локалитети кои датираат од 17 и 19 век.

## 1. Образование

### Предучилишни установи

На територијата на Општина Ранковце нема предучилишни установи.

### Основни училишта

На територијата на Општина Ранковце егзистира ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“. Наставата се изведува на современ начин особено во опремениот кабинетот по информатика и англиски јазик, како и во останатите училници кои се опремени со нагледни средства од Проектот за модернизација на образованието.

Информации за контакт:

- Адреса: с. Ранковце
- Социјални мрежи: https://www.facebook.com/ou.htk



ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“

### Средни училишта

На територијата на Општина Ранковце нема средни училишта.

## 2. Социјален сектор

### Подрачно одделение на Центар за социјална работа од Крива Паланка

На територија на Општина Ранковце функционира подрачно одделение на Центарот за социјална работа од Крива Паланка. Нудат услуги и права од областа на социјалната заштита, за задоволување на потребите на ранливи групи, лица со попреченост, лица кои се изложени на социјални ризици, болест, старост и друго. Ова одделение е сместено во просториите на локалната самоуправа.

Информации за контакт:

- Адреса: Општина Ранковце, 1316
- Телефон: 031/380-444; 075/395-645
- e-mail: rankovce@rankovce.gov.mk
- Веб страна: http://rankovce.gov.mk/
- Социјални мрежи: https://www.facebook.com/rankovce.gov.mk



Простории на локална самоуправа - Ранковце

## 3. Здравство

Во Општина Ранковце нема здравствени установи кои нудат специфични услуги за деца и лица со попреченост.

## 4. Граѓански сектор

Во Општина Ранковце не постои граѓанска организација која работи на полето на попреченост.

# Прилог 1

## ПРАШАЛНИК ЗА УЧИЛИШТА

**Почитувани ,**
Овој прашалник е наменет за општинските училишта од Североисточниот регион во Македонија.
Целта на прашалникот е да се идентификуваат мерките и иницијативите кои ги превземаат училиштата во однос на вклучување ученици со посебни образовни потреби.

1. **Име и презиме на лицето кое го пополнува прашалникот:** ___________________
______________________________________________________________
2. **Позиција:** ______________________________________________________
3. **Телефон:** ______________________________________________________
4. **И-меил:** _______________________________________________________
5. **Назив на училиштето:** _____________________________________________
6. **Адреса:** _______________________________________________________
7. **Телефон/факс:** __________________________________________________
8. **И-меил:** _______________________________________________________

9. **Дали Вашето училиште го посетуваат ученици со посебни образовни потреби?**
   - Да
   - Не
10. **Дали учениците со ПОП се вклучени во редовна настава или во посебни паралелки?**

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

11. **Какви мерки превземало Вашето училиште досега за да го поддржи и олесни образование за учениците со посебни образовни потреби?**
   - Олеснет пристап до училишната зграда (пристапна рампа, надворешен лифт и сл.)
   - Прилагодени се внатрешните простории во училиштето
   - Набавени посебни дидактички помагала
   - Во училиштето работи дефектолог како стручен соработник
   - Во училиштето работи мобилен дефектолог
   - Најмалку третина од наставниците поминале обука за препознавање и работа со ученици со ПОП
   - Училиштето има инклузивен тим

# Прилог 2

## ПРАШАЛНИК ЗА УСТАНОВИ КОИ НУДАТ СПЕЦИФИЧНИ УСЛУГИ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

**Почитувани ,**

Овој прашалник е наменет за установи/институции од јавен карактер и граѓанските организации од Североисточниот регион во Македонија

Целта на прашалникот е да се идентификуваат сите јавни установи и граѓански организации кои нудат услуги за лица со попреченост.

1. **Име и презиме на лицето кое го пополнува прашалникот:** ____________________
   ________________________________________________________________________
2. **Позиција:** ________________________________________________________________
3. **Телефон:** ________________________________________________________________
4. **И-меил:** _________________________________________________________________
5. **Назив на установа/организација:** ___________________________________________
6. **Адреса:** _________________________________________________________________
7. **Телефон/факс:** ____________________________________________________________
8. **И-меил:** _________________________________________________________________
9. **Веб-страница:** _____________________________________________________________
10. **Социјални мрежи:** _________________________________________________________
11. **За која возрасна група се наменети услугите кои ги нудите?**
    ________________________________________________________________________
    ________________________________________________________________________
12. **За кој тип на попреченост се наменети Вашите услуги?**
    - лица со попреченост воопшто,
    - интелектуална попреченост,
    - телесна попреченост,
    - оштетувања на видот,
    - оштетувања на слухот и говорот,
    - комбинирани потешкотии,
    - потешкотии во учењето,
    - аутизам (аутистичен спектар на нарушувањата)
    - друго (наведете) ________________________________________________
13. **Наведете ги услугите кои ги нуди Вашата установа/организација!**

___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________